„Кога некој од вас ќе влезе во џамија, нека упати селам на Пратеникот и нека изговори: ‚Аллаху мој, отвори ми ги вратите на Твојата милост!‘

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кога некој од вас ќе влезе во џамија, нека упати селам на Пратеникот и нека изговори: ‚Аллаху мој, отвори ми ги вратите на Твојата милост!‘ А кога ќе излезе, нека упати селам на Пратеникот и нека изговори: ‚Аллаху мој, сочувај ме од проклетиот шејтан!‘ А според верзијата на ел-Хаким: ‚Аллаху мој, заштити ме од проклетиот шејтан!‘“

[حسن] [رواه ابن ماجه والحاكم]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, го поучил муслиманот – кога сака да влезе во џамија – најнапред да упати селам кон него, велејќи: „Аллахумме салли ве селлим ала Мухаммед“. Потоа да изговори: „Аллаху мој, отвори ми ги вратите на Твојата милост.“ А кога ќе излегува, повторно да упати селам на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, и да изговори: „Аллаху мој, сочувај ме од проклетиот шејтан.“ Во друга верзија, забележана од ел-Хаким, стои: „Аллаху мој, заштити ме од проклетиот шејтан.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/65418